Министерство за внатрешни работи

Република Северна Македонија

# Правилник за начинот на вршење на видеонадзор во службени простории на Министерството за внатрешни работи

Скопје, јануари 2023

Врз основа на член 90 став (2) од Законот за заштита на личните податоци (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и 294/21), Правилникот за содржината и формата на актот за начинот на вршење на видеонадзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.122/20, 280/21 и 183/22) и Правилникот за содржината на анализата на целта, односно целите за која се поставува видео-надзорот и извештајот од извршена периодична оценка на постигнатите резултати од системот за вршење видеонадзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/20 и 183/22), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ВИДЕОНАДЗОР ВО СЛУЖБЕНИТЕ ПРОСТОРИИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на вршењето на видеонадзорот во службените простории на Министерството за внатрешни работи (во натамошниот текст на правилникот: Министерството).

## Член 2

Видеонадзорот во службените простории на Министерството се врши заради:

-обезбедување на контрола над влегувањето во и излегувањето од службените простории;

-заштита на имотот на Министерството;

-одбивање на напад и други активности насочени против имотот на Министерството и животот и здравјето на работниците во Министерството и

-заштита на животот и здравјето на работниците во Министерството поради природата на работата.

## Член 3

(1) Под службени простории на Министерството, во смисла на овој правилник се сметаат сите простории на Министерството во кои работниците на Министерството ги вршат полициските работи, внатрешните работи, односно други работи согласно закон.

(2) Видеонадзорот не се врши во санитарните простории (тоалети), гардеробите, соблекувалните и други слични простории на Министерството.

## Член 4

(1) Видеонадзорот се врши со опрема за видео надзор.

(2) Опремата од ставот (1) на овој член, ја сочинуваат: дигитални камери, уреди за снимање, софтвер за управување со системот за видео надзор и работни станици.

(3) Работните станици за пристап до моменталниот приказ се сместени во мониторинг центарот на Министерството или во други простории наменети за мониторинг.

(4) Техничката спецификација на опремата со која ќе се врши видеонадзор содржи податоци за техничките карактеристики на камерите, снимачите и работните станици со кои се пристапува до системот за видеонадзор.

(5) Планот каде е поставен системот за вршење на видеонадзор графички го прикажува начинот на поставеноста на камерите, просторот каде се врши видеонадзорот, аголот на покриеност на просторот опфатен со видеонадзорот, како и скица со локациите на местата каде што се поставени камерите.

(6) Техничката спецификација и планот на поставеноста на опремата за системот за видеонадзор се пропишуваат со посебен акт.

**Член 5**

(1) Камерите од членот 4 став (2) од овој правилник, се поставуваат на влезовите и излезите на службените простории на Министерството на начин што видеонадзорот нема да овозможи увид во документите или автентикациските податоци што се обработуваат во службените простории.

(2) Покрај местата од ставот (1) на овој член, камери се поставуваат во службени простории на Министерството, каде со оглед на природата на работата неопходно е дополнителна заштита на вработените, информациите, податоците, материјалите и средствата согласно закон.

(3) Камерите од ставот (1) на овој член, вршат 24 часовно снимање на влезовите и излезите на службените простории на Министерството, како и на дел од надворешниот безбедносен периметар на службените простории на Министерството и тоа само за остварување на целите на видео надзорот утврдени во членот 2 од овој правилник.

(4) За камерите од ставот (1) на овој правилник, се поставува известување дека во службените простории се врши видео надзор, називот на Министерството и контакт податоци преку кои можат да се добијат информации за тоа каде и колку време се чуваат снимките од системот за видеонадзорот.

(5) Известувањето од ставот (4) на овој член е дадено на Образец број 1, кој е составен дел на овој правилник.

**Член 6**

Министерството обезбедува соодветни технички и организациски мерки за безбедност на обработката на личните податоци преку системот за видеонадзор и тоа:

- единствено корисничко име и лозинка креирана за секое лице овластено од министерот за внатрешни работи или од него овластен работник (во натамошниот текст: овластено лице), со должина и комплексност согласно

современите препораки за користената технологија, која овозможува пристап на овластеното лице до системот за видео надзор во целина и/или на поединечен посебен софтвер потребен за извршување на неговата работа;

- администраторот на системот за видео надзор, овластен од министерот за внатрешни работи, ги доделува, менува или одзема привилегиите на авторизираниот пристап до системот за видео надзор;

- системот за видеонадзор овозможува водење на евиденција за овластените лица кои имаат авторизиран пристап до системот, како и воспоставување на постапки за идентификација и проверка на авторизираниот пристап;

- автоматизирано отфрлање од системот за видеонадзор по три неуспешни обиди за најавување (внесување на погрешно корисничко име или лозинка) и автоматизирано известување на овластеното лице дека треба да се побара инструкција од администраторот на системот за видеонадзор.

**Член 7**

(1) Приказот на настанот од местата од членот 5 од овој правилник, се следи во моментот на случување на настанот (во реално време) на монитори.

(2) Приказот на настанот што се емитува на мониторите се следи од страна на работниците во дежурната служба во рамки на надлежната организациска единица во Министерството.

(3) Работниците од ставот (2) на овој член, треба да се обучени за вршење на видео надзор, да поседуваат соодветен безбедносен сертификат и да имаат потпишано изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци преку вршење на видеонадзор.

(4) Изјавата од ставот (3) на овој член е даден на Образец број 2, кој е составен дел на овој правилник.

(5) Пристап до приказот на настанот што се емитува на мониторот може да се оствари од страна на работниците од ставот (2) на овој член со користење на единствено корисничко име и лозинка.

(6) За секој пристап до снимката која се емитува на мониторот се создава запис за пристапот.

**Член 8**

(1) За пристапот и увидот до личните податоци обработени преку системот за вршење видеонадзор, Министерството задолжително води евиденција која особено ги содржи следните податоци:

- име и презиме на овластеното лице;
- датум и време на пристапување;
- цел за пристапување;
- датум и час на направената снимка до која се пристапува;
- датум и време, назив и седиште на корисникот на кого му е дадена снимката од видео надзорот;
- вид на медиумот на кој е содржана снимката од видео надзорот;

- број на барање за пристап, односно увид до личните податоци обработени преку системот за видеонадзор.

(2) Евиденцијата од ставот (1) на овој член, е дадена на Образец број 3, кој е составен дел на овој правилник.

**Член 9**

(1) Претходно снимениот материјал од камерите се чува на хард дискот на уредот за снимање.

(2) Уредот за снимање се наоѓа во просторија со ограничен и контролиран пристап.

(3) Претходно снимениот материјал се брише автоматски по истекот на 30 дена од денот на извршеното снимање.

(4) Претходно снимениот материјал софтверски е заклучен.

**Член 10**

(1) Увид во претходно снимен материјал се врши само од страна на работниците на организациската единица за видео надзор во Одделот за информатика и телекомуникации, врз основа на писмено барање на раководителот на организациската единица каде се врши видеонадзорот, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди или други организациски единици во Министерството по судска наредба или наредба од јавен обвинител.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, увид во претходно снимен материјал во системот за видео надзор на просториите на Одделот за криминалистичко технички истражувања и вештачења (во натамошниот текст: ОКТИВ) се врши само од вработените на ОКТИВ, овластени од министерот за внатрешни работи или од него овластен работник, врз основа на писмено барање на раководителот на ОКТИВ, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди или други организациски единици во Министерството по судска наредба или наредба од јавен обвинител.

(3) Работниците од ставовите (1) и (2) на овој член, треба да се обучени за вршење видео надзор и да поседуваат соодветен безбедносен сертификат.

(4) Увидот од ставовите (1) и (2) на овој член, се врши ако од страна на работници во Министерството или од посетители:

- се нарушува режимот на влегување и излегување од службените простории на Министерството, утврден со посебен пропис;
- се оштетува и противправно се одзема имотот на Министерството.

**Член 11**

(1) Организациска единица за чии потреби се воспоставува системот за видеонадзор врши анализа на целта, односно целите за која се поставува видеонадзорот, пред започнување на процесот за воспоставување на систем за вршење на видеонадзор.

(2) Анализата на целта за вршење видеонадзор се доставува на мислење до офицерот за заштита на личните податоци во Министерството.

(3) Врз основа на изготвената анализа од ставот (1) на овој член, а по добиеното мислење од офицерот за заштита на личните податоци, раководителот на организациската единица од став (1) на овој член, донесува одлука по однос на воспоставувањето на систем за вршење видеонадзор.

(4) Офицерот за заштита на личните податоци врши периодична контрола на постигнатите резултати од системот за вршење видеонадзор на секои две години.

**Член 12**

Со денот на влегување на сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на вршење на видеонадзор во службените простории на Министерството за внатрешни работи бр. 13.1.1-61807/1 од 15.09.2017 година.

**Член 13**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на неговото донесување и се објавува на веб страницата на Министерството.

Бр. 13.11-8873/1
27-01-2023 2023 година
Скопје

МИНИСТЕР
ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Оливер Спасовски

Образец 1

# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ВИДЕО НАДЗОР

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ




**Објектот е под видео надзор**

Дополнителни информации ќе најдете:

- На пријавница
- На интернет www.mvr.gov.mk

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

MINISTRY OF INTERIOR

THIS AREA IS UNDER
VIDEO SURVEILLANCE




You will find additional information:

- At the registration desk
- On the Internet www.mvr.gov.mk

Образец 2

Врз основа на Законот за заштита на личните податоци (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 294/21) и Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/20), на ден ____._____.202__ ја давам следната

**ИЗЈАВА**

**за тајност и заштита на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видеонадзор**

Јас долупотпишаниот/ната,_____________________________, распореден/а на работно место ___________________, во Одделението за _____________________, во Секторот за _________________, во __________________, согласно одредбите од Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/20) и документацијата за технички и организациски мерки за обезбедување безбедност на обработката на личните податоци во ___________________________________ се обврзувам дека:

- ќе ги почитувам начелата за заштита на личните податоци;
- ќе ги применувам техничките и организациските мерки за обезбедување безбедност на обработката на личните податоци и ќе ги чувам како доверливи личните податоци, како и мерките за нивна заштита;
- ќе вршам обработка на личните податоци согласно упатствата добиени од Министерството;
- ќе ги применувам техничките и организациските мерки за пристап и увид до личните податоци обработени преку системот за вршење видео надзор со кој се оневозможува неовластен и неевидентиран пристап и увид до снимките од системот за видео надзор;
-на трети лица надвор од Министерството и на други лица од Министерството, нема да издавам било каков личен податок од снимките на видео надзорот или било каков друг личен податок кој ми е достапен и кој сум го дознал или ќе го дознам при вршењето на видео надзорот во Министерството, освен ако со закон поинаку не е предвидено;
- обврската за обезбедување тајност и заштита на личните податоци ќе ја почитувам и по престанокот на работниот однос, односно трајно;
- овие информации се обврзувам дека нема да ги употребам за лична корист или во корист на други лица, да ги направам достапни за јавноста или да ги направам достапни за други физички и правни лица;
- под полна свест и чист разум изјавувам дека го прочитав и разбрав овој текст и дека ќе ја почитувам неговата содржина.

Изјавата ја давам под полна морална, материјална и кривична одговорност.

Скопје,　　　　　　　　　　　　　　　　Име, презиме и потпис

______________ година　　　　　　　　　　________________________________

| р/бр. | датум и време | Барање за преглед бр. | СИСТЕМ ЗА ВИДЕОНАДЗОР | | Име и презиме на оператор | потпис | Име, презиме и ОЕ на барател | потпис | архивиран настан | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Локација | Камера | | | | | време и датум | камери | медиум |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |

Образец.3